**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Триесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 февруари 2007 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,02 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Почитувани колеги бидејќи сум известен дека се потпишани 42 пратеници, објавувам пауза до 11,30 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 11,34 часот).

Продолжуваме со работа.

Продолжуваме со работа по 30-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џеват Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвије Селију, Ајше Селмани, Тахир Хани, Јани Макрадули, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Радмила Шекеринска, Љубчо Георгиевски, Марјан Додовски, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Даут Реџепи, Владо Бучковски, Јован Гилев, Илинка Митрева, Лазар Китановски, Благој Зашов, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам, да притиснете едно од копчињата на системот на гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни во салата.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинаство пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

**Продолжуваме со работа по точката 6 - Предлог за донесување на закон за спречување на судир на интереси.**

Претресот по предлогот за донесување на законот е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за спречување на судир на интереси.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за спречување судир на интереси, при што ќе ги има предвид мислењата и предлозите содрзани во извештаите во работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седниците на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за правда.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 63 пратеници, за предложениот заклучок гласале сите 63 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложенот заклучок.

**Минуваме на точката 7 - Предлог за донесување на закон за малолетничка правда**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставено односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Има збор заменик министерот за правда, господинот Сашо Василевски, повелете.

**Сашо Василевски:** Благодарам потпретседателе, почитувани пратеници, дами и господа.

Предлогот за донесување на законот за малолетничка правда е резултат на определбата на Владата на Република Македонија за интегрирање во европските текови, особено во процесот на евроинтеграцијата, поради што е неопходно усогласување на нашето малолетничко законодавство.

Предложениот закон претставува реформа на малолетничкото законодавство на Република Македонија и тоа од два аспекти. Имено во него се операционализирани стандардите утврдени во следните ратификувани Мѓународни конвенции и документи за правата на детето и тоа:

- Конвенција за инволвирање деца во вооружени конфликти и протоколот за трговија со деца, детска порнографија и детска проституција.

- Конвенцијата за борба против транснационален организиран криминал со протоколот против трговија со луѓе, особено жени и деца.

- Риенските правила на Обидинетите нации за превенција на малолетничката деликвенција од 1990 година и

- Препораката на Советот на Европа, број 8020, за социјална реакција на малолетничката деликвенција.

Се востановува правно институционална рамка за нов конзистентен и кодифициран систем на малолетничка правда во Република Македонија заради извлекување на малолетниците од материјално - правниот и процесно правниот третман на возрасните сторители на кривичните дела.

Анализата на феноменолошките карактеристики на малолетничкиот криминилитет во Република Македонија покажува дека појавните облици низ

кои се манифестира криминалното поведение на малолетниците се изразува преку зголемување на имотниот и криминалитетот со насилнички елементи и намалување на старосната граница на малолетните сторители на кривичните дела. Тоа значи потврда на теоретската постапка дека економските тешкотии се одразуваат врз нивното криминално поведени, особено врз зголемување на имотниот и насилничкиот криминалитет.

Од друга страна порастот на наркоманијата, трговијата со деца, порнографијата, експлоатацијата или семејното и друго насилство врз децата го подигна нивото на меѓународните стандарди за малолетничката казнена правда како и за правдата на малолетниците кои покажуваат нова ориентација на методите и средствата за превенција на малолетничката деликвенција, системски поставени меѓу казненото право и правото на заштита на малолетниците.

Имајќи ги предвид овие стандарди, законот чие донесување се предлага, се заснова врз следните начела:

- Начелото на заштита на малолетникот и неговите права,

- Социјализација и помош во постапувањето со малолетникот,

- Реструатирана правда односно враќање во поранешна состојба и превенција на малолетничката деликвенција.

Со одредбите на Законто чие донесување се предлага, се определуваат негови цели, бидејќи се уредува постапувањето со децата во ризик и малолетните сторители на дејствија што со закон се определени како кривични дела и прекршоци.

Почитувани пратеници,

Согласно одредбите од Конвенцијата за правата на детето во глава 1, од Предлогот за донесување на закон, се инкорпорирани повеќе начела од кои најзначајни се следните: начелото на законитост, право за почитување на сите права на малолетникот, признати со Конвенцијата за правата на детето и другите меѓународни документи, приоритет на заштитните и воспитните мерки и применување на санкциите што се состојат во лишување од слобода во исклучителни случаи, ако поинаку не може да се оствари целта, не поведување на судска постапка од страна на надлежните органи за да се избегне штетното влијание на малолетникот освен ако личните својства на малолетникот и околностите под кои е сторено дејствието, не укажуваат на потребата за водење на судската постапка, право на судска заштита пред надлежниот суд против одлуки донесени надовор од судска постапка и право на непристрасен и независен суд.

Значајна новина во глава 2 - мерки на помош и заштита, е инкорпорирање на два клучни стандарди предвидени во Риедските правила на Обидинетите нации за превенција на малолетничката деликвенција, свртување на судската постапка и моделот на враќање на поранешна состојба или реструативна правда, со примена на мерки за помош и заштита спредма децата во ризик и уредување на постапката на посредување меѓу центарот за социјална работа и малолентикот, заради враќање на имотната корист или надоместување на штетата што ја направил малолетникот.

За одбележување се и решенијата со кои се предвидува дека во специјализираните судски оддели за малолетнички криминалитет, формирани во основни судови со проширена надлежност за вршење на стручни работи, претседателот на судот определува најмалку еден социјален работник, педагог и психолог, од листата што ја утврдува Центарот за социјални работи и за време на превземање на дејствијата, задржување и лишување од слобода, на малолетник, овластените службени лица на Министерството за внатрешни работи го задржуваат малолетникот во посебна просторија за привремено задржување, според одредбите од Законот за кривична постапка.

Следна новина во Предлогот за донесување на законот е главата 17-а во која се уредуваат следните принципи за заштита на малолетникот како оштетен или сведок во кривичната постапка. Приоритетен интерес за заштита на малолетникот, оштетен или сведок и обештетување на малолетно лица жртва во кривичните дела на насилство и други акти на инвидуално или групно насилство од Фондот за обештетување. Фондот пак се формира од средствата што во Државниот буџет се собираат од паричните казни изречени од страна на судовите, за кривични дела или прекршоци наплатени во претходната година.

Вградувањето на овие стандарди за заштита на малолетник сведок или оштетен, во Предлогот за донесување на законот е наметнато од потребата за имплементација на одредбите од Конвенцијата за борба против транснационален организиран криминал, со протоколот за превенција, спречување и казнување на трговија со лица, особено жени и деца, ратификувани од Република Македонија во 2004 година. Тие, согласно член 118, од Уставот на Република Македонија се дел од внатрешниот правен поредок.

Постоење на државен совет и општински совети за превенција е суштинска новина во Предлогот за донесување на законот и се уредува во глава 18. Предлогот за донесување на законот утврдува дека државниот совет е самостоен и независен во вршењето на работите, определени со овој закон, и е составен од членови по положба и членови што ги именува Собранието на Република Македонија со мандат од 4 години, со право на повторно именување.

Државниот совет донесува национална стратегија за превенција на малолетничкото престапништво.

Советите на општините и градот Скопје именуваат општински совети за превенција на малолетничкото престапништво, кои утврдуваат програми за вклучување на локалната заедница во превенција на малолетничкото престапништво и третманот на малолетничките сторители на кривични дела и прекршоци.

Подготвувањето на овој законски проект е резултат од успешната соработка на Министерството за правда и УИЦЕФ, кој во изминатите години го поддржува процесот на изготвување на Предлогот за донесување на закон за малолетничка декларација.

Во работата на Работната група за изготвување на Предлогот за донесување на закон, формирана од Министерството за правда, учествуваа претставници од сите релевантни министерства, професори и адвокати. Дел од овој процес беше изготвување на анализа за ефикасноста на мерките кои се применуваат спрема малолетниците. Исто така, беа реализирани повеќе семинари со учество на домашни и меѓународни експерти, на кои се разгледуваа компаративните модели на малолетничката правда и понудените решенија во Предлогот на законот.

Почитувани пратеници, донесувањето на овој закон, исто така, го услови и реализацијата на Скопската декларација "Земја по мерка на децата" и планот за акција, усвоени на Конвенцијата за децата, одржана на 20 јуни 2005 година и Националниот план за децата, усвоен од Владата во 2005 година.

Владата цени дека со законот чие донесување се предлага се уредува сложена и обемна материја и од тие причини му предлагаме на Собранието да донесе заклучок, со кој ќе укаже на потребата да се организираат посебни советувања, како и други форми на соработка и соодветни органи и организации, при што во присуство на научната и стручната јавност, најнапред судиите, јавните обвинители и адвокатите, како и невладините организации очекувам да добиеме поддршка и конструктивни предлози за подобрување на предложениот текст. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеникот госпоѓа Цветанка Иванова. Повелете.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Господине заменик министер, колеги пратеници,

Јас очекувам дека во расправата по овој закон ќе се вклучат со своја дебата и со свои сугестии, предлози и мислења повеќе пратеници, затоа што ова е закон кој за прв пат се донесува во Република Македонија. Овој закон за малолетничка правда ќе направи поделба на правата на децата, ќе ги регулира правата на децата во еден посебен корпус од останатите граѓани, особено овој закон е многу важен во период кога сме соочени со се поголем број на асоцијални однесувања на нашите деца. Пратеничката група на СДСМ дава поддршка на потребата од донесување на овој закон. Секако, овој закон ќе го поддржиме, а низ комисиските расправи дадовме свои мислења и сугестии, па истото тоа ќе го направиме и на оваа пленарна седница.

Уште еднаш да потенцирам дека кодификацијата на малолетничкото законодавство или на малолетничката правда за прв пат се случува во Република Македонија. Овој проект е започнат со претходната влада, оваа Влада во континуитет го продолжува и мислам дека сите треба да оддадеме признание дека да се кодифицира една област е многу тешка, обемна и особено стручна работа, каде што во еден закон треба да се систематизираат сите одредби кои се однесуваат на таа област, што еве, е направено.

Она што особено мене ме загрижува, разгледувајќи ги сите извештаи од собраниските тела, на мое големо изненадување, матичната комисија нема никакви предлози, забелешки и мислења по закон кој за прв пат се донесува во правниот систем на Република Македонија. Ова уште еднаш покажува дека навистина кога се дебатираат политички прашања, тука сме подготвени до бескрај да дебатираме, што не е случај со нас, затоа што еве по овој закон кој не е политички ние пак со исто темпо, со иста енергија сакаме да придонесеме кон подобрување на законот. Се чудам зошто Комисијата која е матична за овој закон воопшто не дала ниту еден единствен предлог, ниту една сугестија, ниту една забелешка за подобрување на текстот на овој закон, за разлика од останатите комисии кои не се матични а се потрудиле тоа да го направат.

Да повторам дека неспорна е потребата од донесувањето на овој закон и ние ќе ја поддржиме потребата од донесување на овој закон и ќе ги дадеме нашите мислења, сугестии и забелешки како пратеничка група и јас лично во правец на подобрување на текстот на законот.

Сметам дека дел од овие одредби, кои се содржани во Законот за малолетничка правда, се одредби од Кривичниот законик и кривичната постапка кои се однесуваат на малолетници и тука, бидејќи ние вршевме измени и дополнувања на овие два закони како дел од реформите во судскиот систем во кривично правната материја, мислам дека голем број на стандарди се и одредбите кои се содржани во меѓународни документи се вградени, но тука имаме голем број новини кои ги регулира овој закон, па секако тука треба да дадеме свои сугестии околу подобрувањето на текстот на законот. Ќе почнам по ред.

И на Законодавно-правната комисија искажав забелешка, но секако и тука на оваа пленарна седница ќе ги искажам забелешките на пратеничката група и моите. Првата забелешка се однесува на членот 9, каде се регулира судската постапка за одредени кривични дела и таму во ставот 2 употребен терминот " тешко кривично дело". Бидејќи во нашиот правен

поредок нема градуирање на кривичните дела како тешки и лесни, и на Комисијата кажав дека овој термин треба да се отстрани од текстот на законот.

Понатаму, особено е за признание постоењето одредби со кои се воведува постапка на посредување и порамнување во постапката пред Центарот за социјални работи и тука е добро што законодавецот предвидува цел тим кој ќе се занимава во оваа постапка со детето кое асоцијално се однесува, а тоа се педагог, социјален работник и психолог. Бидејќи во постапката на посредување и порамнување значајно е познавањето на процедурите и правната регулатива, јас предлагам во овој стручен тим кој ќе ја води оваа постапка на посредување и порамнување да биде вклучен и правник заради познавањето на правната процедура. Аналогно на она што значи кривична постапка, во постапката на посредување и порамнување е предвидено на семејството, односно детето против кое е поведена ваква постапка да му се укажува правна помош. Како што кажав, аналогно на кривичната постапка, правна помош може да избере самото семејство, но доколку семејството не е во можност да плати адвокат за своето дете, тогаш правната помош на адвокатот пред Центарот е бесплатна.

На Комисијата кажав дека вака според дикцијата на решението во членот 19 ставот 4, може да се заклучи или погрешно да се применува одредбата затоа што е нејасна, во насока на тоа адвокатите кои постапуваат во Центарот во постапката за посредување и порамнување настапуваат без надомест. Секако, не е целта на законодавецот таа, туку целта е правната помош да ја прима лицето односно детето чие семејство не може да ги понесе овие материјални трошоци, тие да паѓаат на товар на Буџетот. Од овие причини предложив и сега предлагам оваа одредба да се доразработи и да се допрецизира во насока на тоа што целта заради која е вградена оваа одредба, а тоа е оние деца, односно семејствата на оние деца кои ќе се најдат пред Центарот за социјални работи заради нивно асоцијално однесување во постапка на посредување и порамнување, нивната правна помош да биде од страна на адвокат, што ќе биде секако предвидено во постапка како што се поставуваат и во судовите, оваа постапка да биде бесплатна.

Не би се задржувала повеќе во интерес на времето на одредбите кои се преземени од Кривичниот законик и од Законот за кривична постапка, затоа што тие се добри и нема што тука да се менува. Јас би отишла на оние одредби кои претставуваат новина во овој закон, а тоа се во членот 154 каде се предвидува едукација заради специфичноста на малолетничката деликвенција, затоа што во овие случаи секогаш малолетникот е сторител на кривично дело или на асоцијално однесување, или жртва, во постапката на заштита на малолетникот како оштетен, како сторител на кривично дело или како сведок во кривичната постапка се предвидува обука на луѓето во институциите кои постапуваат по овие постапки.

Во членот 154 став 2 е утврдена можност образованието и видот и посебните знаења и искуствата на судиите, јавните обвинители, вработените во Министерството за внатрешни работи да ги пропишува министерот. Мислам и понатаму стојам на тој став дека несоодветно е ова решение, затоа што во претходниот состав Собранието донесе Закон за Академија за обука на судии и јавни обвинители и тогаш кажавме дека оваа Академија за обука на судии и јавни обвинители покрај тоа што ќе ги обучува и едуцира судиите и јавните обвинители, ќе ги опфати и луѓето, односно службениците, државните службеници кои работат во Министерството за внатрешни работи и во судовите. Затоа, сметам дека посоодветно решение е, наместо министерот да се занимава со пропишувањето на образованието од овој вид, да биде задолжена Академијата за едукација на судии и јавни обвинители, на сите оние субјекти кои ќе учествуваат во постапката што се води за кривични дела против малолетници, во кои малолетникот се наоѓа и како обвинет и како жртва, а секако и како сведок.

Во членот 158 се воведува една новина и се востановува Фонд за обесштетување.

Јас ќе ги повикам колегите пратеници, бидејќи сите ние имаме деца или потенцијално некои кои се помлади ќе имаат деца, бидејќи во моментот на скандали кои се јавуваат, во кои учествуваат односно актери се деца, сериозно да подразмислат и да слушаат барем ако не друго што се предлага и што регулира овој закон. Многу е важно, ако имавме добро законодавство, ако вакво законодавство за малолетниците се имплементира, ќе имаме здрава младина, а тогаш ќе немаме асоцијални појави не само кај малолетниците, затоа што тие ќе бидат добро воспитани и едуцирани и секако ќе биде намален криминалитетот и во погорните години. Затоа, барам малку со поголем интерес да го следат и да го гледаат овој текст.

Новината која се вградува е формирање или востановување на Фонд за обезштетување. Овде законодавецот напишал неколку прашалници за тоа што навистина ќе го воспостави Фондот за обезштетување, но не може да утврди во кој износ од средствата, од Буџетот, што ќе се собираат од паричните казни изречени од страна на судовите за кривични дела во претходната година, да биде зафаќањето. Мое мислење е овој процент да биде што поголем. Зошто? Затоа што ние можеме да донесеме совршен закон за малолетничка ...

**Иван Анастасовски:** Се извинувам, колеги, ако може малку внимание, да ја сослушаме колешката.

**Цветанка Иванова:** Ако ова парламентарно Собрание е повеќе заинтересирано за Деловникот, за донесување Деловник, а не за

закон за малолетничка правда, јас мислам дека ова е под сите критериуми.

**Иван Анастасовски:** Продолжете колешке.

**Цветанка Иванова:** Јас ќе продолжам потпретседателе, но со ова немојте после кога ќе излеземе и ќе даваме изјави да кажуваме кој што прави од Собранието. Па слушајте, не можете да ме гледате, затоа што не ни слушате.

**Иван Анастасовски:** Ве молам, слободно продолжете.

**Цветанка Иванова:** Значи предлагам процентот на Фондот за обезштетување...

Имам трпение, јас ќе почекам.

Значи, предлагам процентот на Фондот за обезштетување да биде многу повисок, затоа што ние може да донесеме совршен закон за малолетничка правда, но ако не го имплементираме и ако превентивно не делуваме да не ни се случува појава на асоцијално или деликвентно однесување на децата, мислам дека нема да ја постигнеме целта. Затоа, потребно е овој процент да биде што поголем за да може средствата од Фондот прво да се користат на превентивен план, да се спречи да се применува Законот за малолетничка правда и потоа секако на ресоцијализација на сторителите - деца на кривични дела, затоа што потребен е голем напор на општеството да ги врати овие деца и по издржувањето на санкцијата или казната во нормални текови на животот, а за ова навистина ќе бидат потребни поголеми средства.

Исто така, јас би сакала да го поздравам основањето на нови органи, независни органи кои ќе работат на ова поле, а тоа е на ниво на држава Државниот совет за превенција на малолетничко престапништво и тука овој Државен совет е самостоен орган, кој ќе ги работи работите кои му се дадени во надлежност со овој закон.

Аналогно на Државниот совет, се формира и Совет на општини и на градот Скопје. Меѓутоа, во членот 164 воопшто не е утврдено или не е решено прашањето кои ќе бидат членови или услови по кои ќе бидат избирани членовите на советите на општината. Со оглед на надлежноста која што е утврдена како на Државниот совет за превенција, така и на Општинскиот, предлагам во Предлогот на законот за членови на Советот на општините и на градот Скопје за превенција на малолетничко престапништво да бидат избирани лица по примерот на Државниот совет, значи од Министерството за внатрешни работи, од Центарот за социјални работи, од невладиниот сектор, а секако и особено треба да се даде можност како членови во овие совети да бидат луѓе од образованието.

Во целиот закон треба да се воспостави еден линк. Има една упатна одредба, мислам дека беше членот 16, каде штосе споменува дека мерките на помош и заштита, се мерки определени во законот во областа на образованието, здравствената, социјалната, семејната и други облици на зштита. Јас мислам дека целиот овој закон ќе треба да се направи некоја одредба во која што врската помеѓу овие органи за малолетничка правда, постојано линкот ќе биде со органите, покрај во центарот за социјална работа, треба да биде постојан линк и помеѓу образовните институции. Затоа што, таму се формира, таму се образува младата личност.

Секако, на крајот сакам да кажам дека добар е законот, дека Министерството се потрудило да ни предложи еден добар закон, овој закон ќе го поддржиме и очекуваме дека овие мислења, сугестии и забелешки ќе бидат дадени, затоа што во текстот на законот, затоа што сметам дека со тоа ќе го подобриме секако текстот на законот, а исто така очекувам дека во решението, во Предлогот на законот, последниот текст помеѓу овој државен и општинските совети за првенција мора да има еден линк. Тоа мора така да биде, затоа што државниот совет ќе ги гледа малолетничкиот криминалитет, движењата на малолетничкиот криминалитет на ниво на држава. Но, криминалитетот се случува во општините. Сега, кога имаме децентрализација и голем број на надлежности се на единиците на локалната самоуправа, мислам дека треба да направиме законска поголема врска помеѓу државниот совет и општинскиот совет за малолетничка превенција и секако дека треба да ги зајакнеме мерките на планот на превенцијата, а секако дека повеќе мерки треба да предвидиме за ресоцијализација, затоа што сведоци сме од статистичките податоци, дури да нема малолетник, кој што еднаш имал асоцијално однесување, да не е повратник. Затоа, треба особено да се има предвид мерките кои што ќе ги преземеме на планот на ресоцијализацијата.

Да завршам, пратеничката група на СДСМ ќе го поддржи овој закон и очекува, бидејќи овој закон прв пат се донесува и е услов за унапредување на процесите кон евроинтеграциите и бидејќи е добар, па очекуваме дека со предложените забелешки, ќе имаме уште подобар закон за малолетничка правда. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Дали некој од пријавените има реплика? (Нема)

Има збор пратеникот госпоѓа Поповска Лилјана.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници.

Имам задоволство и чест во име на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите да дадам известување за текот на седницата. Ние го разгледавме овој закон со големо задоволство, дадовме целосна поддршка на овој закон и дискутиравме посебно за одделни делови. Бисакала само да посочам што беше она што беше сугерирано како евентуално подобрување на овој закон. Инаку, на седницата на Комисијата за еднакви можности беше повикан и првиот човек на Канцеларијата на УНИЦЕФ, која што даде несебична помош при изработката на овој закон и имаше убава соработка со

Министерството за правда, така што и господинот Вахид Хасан, се обрати на Комисијата и ги кажа нивните мотиви за поддршка на едно вакво решение.

Она што Комисијата го оцени е дека овој закон ќе претставува големо унапредување, посебно во поглед на кривичниот законик од 2004 година на некои сегменти, кои што се таму опфатени, што значи ќе има унапредување во кривичното право, затоа што конечно ќе се регулира системот на превенција на малолетничкото претстапничко. Исто така, на еден современ начин ќе се третира оваа категорија.

Понатаму, исто така, силно се поддржа законското решение за постапката на посредување и порамнување Прес-ценарот за социјални работи во присуство на стручни лица, значи еден современ начин на дејствување со малолетници, не чисто репресивен, како што честопати досега знаеше да биде.

Исто така, изнесена е и оценката дека во предложениот закон треба да се обрне поголемо внимание на делот за ресоцијализација на малолетниците, која што не достасуваше во досегашните законски решенија. За да не биде малолетниот пртстапник еднаш за секогаш обележан и да не може нормално да се движи низ животот туку да се врати на нормалните текови на општеството и да биде рамноправен негов член.

Понатаму, позитивно беа оценети законските новини и за заштита на малолетниците, жртви на кривични дела и основањето на Фондот за обезштетување и превенција на малолетничкото престапништво. Единствено, во поглед на членот 154 беше искажана дилема, а тоа е делот за заштита на малолетникот како оштетен или сведок во кривичната постапка. Беше оценето дека ова е една деликатна материја и веројатно треба да се поведе повеќе сметка за некои аспекти, за кои што не би се направила поголема штета врз психата и следните чекори и однесување на малолетникот.

Особено внимание треба да се посвети на вградување на законското решение за дисциплинскиот центар, со кое ќе се обезбеди негово заживување во вршењето на надзорот. Исто така, позитивно е оценето основањето на независното тело Државен совет за превенција, кој треба да се протега и на локално ниво преку општински совети, за превенција. Комисијата препорача да се внесе законска одредба, со која ќе се воспостави врска помеѓу државниот и општинските совети за превенција, за да можат тие да бидат дел од еден систем, за да не може да се изгуби некаде, условно кажано, некои малолетни на својот пат.

Конечно, во дискусијата зеде интензивно учество колешката Цветанка Иванова, која што и сега говореше и даде многу конструктивни предлози и Комисијата едногласно ги поддржа следниве:

Во целиот текст на законот да се води сметка за родовиот аспект.

Второ, да се направи едукација на стручните кадри кои што ќе дојдат во допир со третманот на малолетниците и сугерирано е со таа едукација да се врши во Академијата за обука на судии и обвинители.

Трето, да се обезбедат поголеми буџетски средства за превенција и за ресоцијализација на малолетниците, затоа што веруваме дека тоа е единствнеиот начин како да се справиме со овој проблем на долг рок. Еве тоа беа накусо нашите забелешки, сугестии и уште еднаш поддршка од Комисијата за еднакви можности на овој закон, кој веруваме дека ќе даде многу позитивни резулати во нашето општество. Благодарам.

**Иван Анасасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник госпоѓа Цветковска Благородна.

**Цветковска Благородна:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитуван министер, почитувани пратеници,

Не можам а да не кажам некој збор за многу важен закон, Законот за малолетничка правда, кој е навистина за поздравување. Навистина, ни се нуди совршен закон за малолетничка правда. Се работи за судбината и иднината на децата.

Јас ќе започнам со една мисла која вели: “Нема ништо поблагородно од благородноста на едно дете, но исто така и ништо поодговорно од одговорноста за судбината и иднината на детето”. Така рекол Родовиќ.

Ќе дадам свои препораки во врска со овој Предлог на закон, за да се постигне поголем успех во сузбивање и спречување на малолетничката деликвенција е можно само со организирана општствена активност на сите субјекти, кои имаат допирни точки со оваа проблематика и кои своите активности ќе ги насочат кон намалување и елиминирање на причините за нејзино настанување. Како препораки засновани врз искуствата од работењето со малолетниците, би ги искажала следните.

Во постапката со малолетници засега влучени кадри кои ќе бидат едуцирани и стружно оспособени за работа со нив. Тоа е најбитното.

Понатаму, правдата за малолетниците да се потпира врз разговор, а не врз присила и наметнување. Во МВР низ сите градови во Републиката на проблематиката на малолетничка деликвенција да работат инспектори остручени за тоа. Да се унапреди соработката меѓу сите институции, како владини така и невладини, кои се занимаваат со проблемот на младите. Да се согледа потребата од создавање на кризни прифатни центри во кои би биле сместувани деца и млади на кои им е неопходна итна интервенција. И, некоја континуирана обука на сите кадри кои работат со малолетници, која што ќе се спроведува низ разни курсеви, работилници, стручни консултаци итн. Многу е битна и најважна примарната превенција. Ризикот треба да се надминува. Како

ќе се надминува? Со поддршка и надминување на ризици во семејствата. Надминување на развојни ризици, тоа е поддршка во училиштата, но таа поддршка ќе биде заедно со психосоцијалните служби, кои во овој момент ќе одиграат многу битна улога, бидејќи тие се најмногу остручени да помогнат токму врз младите кои западнале во ваква криза. Овие служби треба да се изградат, но не само на список, туку треба да профункционираат, за да може да се посгитне и голем ефект. Тука работата на центрите треба да има примарно место. Деца под 14 годишна возраст кои вршеле кривични дела, законот нив не ги гони, тоа го знаеме. Предлага да се работи превентивно, центрите многу малку работат со овие деца, што значи задолжително предлагам да се внесе во предлог законот изготвување на такви програми, врз основа на кои програми ќе се обрне големо внимание за работа токму на овие деца на кои им е потребна таа неопходна помош, токму на таа возраст која е најсериозна во нивниот развоен период. Ова е примарна превенција, а алтернативна превенција или мерки би биле, постојат повеќе облици на алтернативни мерки и јас ќе кажам дека медијацијата е многу интересен облик и општо корисна работа. Малолетниците наместо да се сместуваат во установа, да се поддржи за надминување со општо корисна работа и тоа на локално ниво, со прифаќање на малолетниците, градење на меморандуми и контрола над истите.

Не знам али има потреба да зборувам за медијацијата колку е неопходна како алтернативна мерка и која нуди голема помош во овој развоен период токму на децата. Како облик медијацијата за посредување и помирување на жртвата и малолетното дете, сторител на кривично дело, претставува метод што води кон одбегнување на затворањето и се вбројува помеѓу алтернативните решенија на криминални ситуации и што овозможуваат одбегнување на изрекување затворски казни, чии негативни последици се многу бројни и добро познати. Таа се стреми кон разрешување на криминалната ситуација, преку создавање услови за заедничка средба на жртвата и малолетното лице, сторител на кривични дела, што странките индивидуално различно ја доживуваат. Чувствуваат психичка оптовареност и е неопходно постоење подготвеност за средба со другата страна. Медијацијата има за цел да ги акцентира интересите што странките ги имаат за разрешување на конфликтот, наспроти интересите на државата. Имајќи ги предвид активностите што ја вршат, што ја чинат медијацијата, таа во некои случаи се нарекува откажување од гонење со интервенција. Ваквиот начин на постапување вои случај кога е сторено кривично дело, е од понов датум и е карактеристичен за казнено право, што доживува извесни коренити реформи и модификации, следејќи ја тенденцијата за одбегнување на затворањето и како таков е недоволно проучен и забележлива е воздржаноста на теоријата и практиката. Медијацијата треба да се сфати како можност за враќање кон корените на конфликтот и овластување за самостојно негово решавање од страна на странките. На овој начин во извесна смисла се поопштествува конфликтот и наместо чувство на онеоправданост, жртвата се чувствува како рамноправен субјект во казнената заштита. Медијацијата постепено се развива како можност малолетните претстапници, како и сторителите на полесни кривични дела, да поминат низ процес на соочување со жртвата во обид за помирување, што може да има облик на извинување од страна на сторителот или подготвеност за остварување на обештетување. Во секој случај сторителот извлекува големи погодности од успешната медијација во смисла што го избегнува изрекувањето строга казнена санкција. Позитивни ефекти медијацијата има и врз жртвата која запознавајќи го сторителот во ддруга светлина полесно ги надминува последиците од кривичното дело, при што во најголем број случаи жртвите се задоволуваат и со извинување упатено од сторителот. Да не зборувам понатаму, што е суштината на тие медијациски активности, посредување, помирување, кои се ефектите од медијации, па мислам дека сето ова треба да се земе предвид, се со единствена цел да се помогне за ажурирање на Предлог законот, кој е навистина доста исцрпен, кој е доста сериозен и добар, за да може да функционира и да ги надмине овие слабости, со кои секојдневно се среќава нашето општество и покрај тоа што самата транзиција ги наметнува овие проблеми. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеник Лалчевска Ристана. Повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателт, претставници на ресорно министерство, колеги пратеници би сакала да искажам неколку збора, во знак на поддршка на донесување на овој закон за малолетничка правда, кој доаѓа би рекла, во еден исклучително важен момет од аспект на тенденцијата на зголемено аосцијално поведение кај младите луѓе, со оглед на тоа што од година во година јас не би можела да дебатирам за причините кои доведуваат до ваква појава, меѓутоа факт е дека, статистиките зборуваат дека асоцијалното поведение кај младите луѓе е евидентно и во нагорна линија. Што овој закон ќе придонесе. Овој закон, секако ќе придонесе на еден посуптилен начин на постапување со младите луѓе, бидејќи тие се сепак персони за себе и ние како држава, како општество, како фактори во оваа држава, треба да се погрижиме да ги спречиме тие асоцијални појави уште во порана возраст, за да не ни се случи потоа како возрасни луѓе тие да продолжат со таков начин на живот.

Ова претставува една добра кодификација на законот, на сите оние одредби кои се однесувале на малолетните лица и со многу значајни новини кои што прават еден склоп на еден би рекла доста солиден закон. Со сите оние забелешки

кои беа искажани од претходните говорници, верувам дека ѓе се организираат и јавни дебати, кои ги ценам за потребни и неопходни, со цел запозанвање на јавноста со законот, како и со новините кои ќе ги донесе овој закон кои се во правец на пошироко запознавање на јавноста, пред се на малолетниците со одредбите на овој закон и со можностите и со регулацијата која ќе ја донесе овој закон.

Би кажала неколку свои личи забелешки. Тука ќе ги избегнам сите оние кои беа искажани во интерес на времето, меѓутоа, ќе дадам некои свои размислувања за одредени прашања во законот.

Прво би почнала, бидејќи напред беа искажани некои членови, тие ќе ги прескокнам, за да не се повторувам. Во членот 97 новината која се донесува дека во специјализираните судски одделенија за малолетнички криминалитет, формирани во основните судови со проширена надлежност за вршење на стручни работи, претседателот на судот определува најмалку еден социјален работник и тн. Ова решение како решение го поддржувам. Тука се прашувам дали само во судовите со проширена надлежност. Што е со оние градови каде судовите се со општа надлежност и колку неможноста вакви одделенија да се направат во тие судови ќе ја отежнат целата постапка со постапувањето на малолетници, поготово, со оние помладите, бидејќи тогаш и малолетникот и неговиот родител ќе бидат изложени дополнително на патување до најблискиот суд, до судот со проширена надлежност. И секако, тука ќе имаме од финансиски, од временски ограничувања и тн. се плашам дека многу често овие постапки нема да бидат завршени до крај.

Јас предлагам, такви совети се основаат во сите судови, бидејќи малолетниците треба да бидат во местото каде што тие живеат, а не да ги упатуваме до друг град, односно до суд каде што има проширена надлежност. Тоа е една од моите забелешки.

Понатаму, би се осврнала околу казните кои се предвидени, пред се, на паричната казна за повозрасните малолетници. Се прашувам колку е оправдана и идеална, бидејќи вообичаено е тие да не заработуваат свои средства и колку со ваквата казна ќе се исполни целта. Дали можеби не треба да размислиме за некоја друга мерка. Најчесто тие пари ќе бидат или пари на нивните родители, или пак ќе ги натераме малолетниците и понатаму да прават некои недела, од користољубие и тн.

Значи, околу тоа да се поразмисли дали е оправдана и целисходна паричната казна, иако се работи за постари малолетници.

Околу извршувањето на малолетничкиот затвор се овде што е напишано е добро, и добро срочено, меѓутоа, состојбите во малолетничките затвори не се добри, затоа што малолетничките затвори мора да бидат тотално изолирани и воопшто да нема контакт на малолетниците со други осудени лица. Значи, во делот на спроведувањето во тие установи каде треба ова да се реализира, треба навистина, да поработиме и поготово ресорното министерство овде да се обезбедат вистински услови за ресоцијализација на личноста. Законската рамка е океј, меѓутоа мислам дека состојбите во овие институции не се на завидно ниво. Мислам дека во тој правец навистина треба да поработиме за ова што е срочено во законот навистина така и се исполни. Ние можеме да изречеме казна затвор за малолетникот, но кога ќе го ставиме таму во несоодветни услови ние под наводници ќе го инфицираме и понатаму да биде криминалец. Значи, да поработиме на тој дел.

Би кажала неколку збора околу оваа значајна новина која што ја воведува за државен совет и општински совет за превенција. Државниот совет кој според ова што го видов тука го чинеле 14 члена 7 од овие надлежни институции и 7 кои што ќе ги бира Собранието кои имаат строго пропишани надлежности, меѓутоа, и тоа е во ред, меѓутоа, не е во ред поставеноста на Општинскиот совет и Советот на Градот Скопје. Јас во овие одредби не видов никаков линк и поврзаност на овие два совети, а бидејќи Државниот совет е носител на националната програма и сите планови за остварување на таа програма, мислам дека општинските совети и Советот на Градот Скопје неопходно е потребно да бидат во корелација со Државниот совет и да постапуваат заеднички во рамките на таа национална програма и спроведување на таа национална програма. Значи, потребен е линк меѓу овие две институции, како што рече и мојата ценета колешка Поповска да се создаде систем, а не тие да делуваат изолирано и по некои свли правила надвор од она што Државниот совет ќе го пропише.Потребно е овде да се доработат тие одредби, кои луѓе, кои институции и колкава бројка ќе има во тие општински или градски совети.

Уште би се осврнала на членот 163 каде што се пропишуваат средствата за остварување на програмата на Државниот совет. Мислам дека процентот од 0,1% од државниот буџет на Министерството за правда се многу мали средства. Бидејќи, со оглед на надлежностите кои му се пропишани, со оглед на мисијата која треба да ја има и тежината на овој совет, овие се навистина многу мали средства. За да реализирате една програма, поготово, вака суптилно специфична и да работите на многу брзо и ефективно поправање на состојбите кои сега ги имаме кај малолетниците, потребни се повеќе средства.

Да ве потсетам за еден друг совет и да направам паралела, тоа е Републичкиот совет за сообраќај, ќе ми простите ако го погрешив името, таму се одвојуваат исто, како советодавно тело, многу позначителни средства од ова што е овде предвидено. Таму имаме 2% од регистрација на автомобили, 3% од не знам што, значи една позавидна сума на средства и тоа е во ред. Така

треба да биде, а овде со 0,1% од буџетот на Министерството за правда, мислам дека овие средства ќе бидат премалку за Советот да може ефикасно и ефективно да работи.

Би замолила Министерството уште еднаш да ја преиспита можноста за малку повисок процент за ова, за да може навистина да профункционираат овие институции, да создадат ситем, да изградат национална стратегија и да бидат во функција. До колу ние не ги обскрбиме со доволно средства не ќе можат ни да се состанат два пати годишно овие совети.

Инаку, Либералната партија дава поддршка на овој закон и секако, ќе учествуваме и ќе го следиме неговото имплементирање, бидејќи ќе биде значајно во нашиот правен систем. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеник госпоѓица Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе, јас само на кратко сакам да се придружам кон оние пратеници што сметаат дека во овој закон треба да се оддели поголем простор за ресоцијализацијата. Особено сакам да ја нагласам потребата да се разгледа можноста на водење мерки за бившите затвореници кои се бездомници, затоа што мислам дека спаѓаат во група која што е многу поверојатно да се навлечат на криминал и да продолжат со криминал и други девијантни појави. Тука сакам да спомнам особено за случајот со убиецот на девојката од Авто Команда, кој треба да ни биде пример дека државата би требало да преземе вакви мерки за ресоцијализација на бившите затвореници кои се бездомници, за да не бидеме доведени повторно до вакви грозоморни убиства и немили случаи.

Сакам да го поздравам тоа што во членот 7 се наведува дека мерките и санкциите предвидени со овој закон, секогаш ќе им се дава предност на превентивните и заштитните мерки. Меѓутоа, затоа сметам дека треба поголем простор да се остави на превентивните мерки, затоа што превентивните мерки би требало да бидат првиот бран на заштита од останатите мерки. Друга е постапката октако веќе ќе се направи делото, како тоа да се санкционира и какви заштитни и воспитни мерки да се создадат. Меѓутоа, превентивните мерки би требало да ги спречат ваквите појави.

Сакам да укажам дека во членот 161 треба попрецизно дефинирање за составот на Државниот совет, затоа што до колку се остане со овој Предлог, Народниот правобранител само а учествува во работата, ние ќе бидеме соочени со Државен совет од 14 луѓе, кои нема да имаат можност за мнозинско одлучување.

Во членот 163, се согласувам со госпоѓата Лалчевска дека е многу мал роцентот што ќе се одделува од државниот буџет за Државниот соoет. Ме интересира како е одреден овој член. Во членот 164 советите на општините и Градот Скопје ги именуваат општинските совети и е многу добра идеја, одлична идеја, меѓутоа, треба да има структура и бројка , а на општинските и на Градскиот совет, исто како за малоетничко престапништво по примерот на државниот совет.

Во членот 165 средствата за остварување на програмата на Општинскиот совет, се обезбедуваат од буџетот на општината во висина од 1% од општинскиот буџет. Значи, се доведуваме во ситуација државата да одделува о,1% од буџетот за Државниот совет, а општините да одделуваат 1% од општинскиот буџет во ситуција кога општинските буџети се многу мали, во ситуација кога ќе почне реализација на втората фаза на децентрализацијата. Јас сакам да прашам како е одреден овој процент и дали е во договор со ЗЕЛС, со оглед на тоа што согласно Законот за локална самоуправа, државата е обврзана по договор со заедниците на едниците на локалната самоуправа да ги утврдуваат сите прашања што се од надлежност на општините. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Се извинувам, има збор заменик министерот за правда.

**Сашо Василевски:** Благодарам потпретседателе. Министерството за правда сака да изрази една благодарност за конструктивните предлози кои произлегоа од сите дискутанти на денешната расправа. Меѓутоа, инсистира сепак Собранието да донесе еден заклучок заради потребата да се организираат посебни советувања, како и други форми на соработка со соодветни органи и организации, со присуство на научната и стручната јавност, како судии, јавни обвинители, адвокати и тн. би расправале токму околу оваа материја, со оглед на фактот дека сепак се работи за прв закон, како што кажаа и дискутантите претходни дека е обемна и стручна таа материја.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам, токму тоа јас сакав да го кажам, но пред да го ставам заклучокот на гласање, ги повикувам пратениците да влезат во салата за да пристапиме кон гласање.

Ги повикувам уште еднаш пратениците да влезат во салата.

Службите би ги замолил да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за малолетничка правда.

Владата н Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за малолетничка правда, при што ќе ги има предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

Овој заклучок, заедно со ивештаите на работните тела на Собранието и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството са правда.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Вкупно гласале 59, сите 59 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 8-Предлог за донесување на закон за бучава во животната средина.**

Предлогот ѕа донесување на закон, извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменикот минмистер на Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Соња Лепиткова:** Благодарам потпретседателе. Почитувани пратеници. Предлогот за донесување на закон за бучава во животната средина е закон кој ќе ги регулира основните принципи за управување со бучавата вп жовптмата средина.

Предлогот за донесување на сакон е изработен според теркот на европските закони, со цел да се воспостави една општа правна рамка за регулирање на бучавата во животната средина на интегриран и сеопфатен начин.

Во Предлог-законот директно се пренесени барањата од директивата 49 со 2002 година на Европскиот парламент и на Совтот од 25 јуни 2002 година, во врска со проценувањето и управувањето со бучавата во животната средина.

Оваа директива е основен правен акт на Европската унија од областа на бучавата, која меѓу другото треба да обезбеди основа за подготвување и за спроведување на постоечката група на мерки кои се однесуваат на бучавата што се емитува од поголеми извори, особено патните и железничките превозни средства, инфраструктурата, авионите и опремата која се користи на отворен простор и во индустријата, мобилната машинерија и за подготвување на дополнителни мерки за краткорочен, среднорочен и долгорочен период.

Целта на оваа директива е да го дефинира општиот пристап наменет за избегнување, спречување или намалување на база на приоритети на штетните ефекти, вклучувајќи вознемиреност како последица на изложеноста на бучава во животната средина.

Донесувањето на новиот закон за бучава е потребно заради усогласување на националното законодавство од областа на животната средина со европската регулатива која се однесува на оваа сфера.

Како една од основните причини за пристапување кон изработка на нов закон за бучава е замена на постоечката регулатива за бучава со која само делумно се регулира оваа област и нуди делумни решенија за регулирање на бучавата во животната средина.

Исто така, дел од прашањата за бучава воопшто не се опфатени и потребно е нивно соодветно регулирање пред се со цел заштита на животот и здравјето на луѓето и животната средина од штетата на бучавата.

Со оглед на специфичноста на прашањата што се третираат во овој закон, изработката на истиот закон беше доверена на работна група составена од правни и технички експерти претставници од релевантните министерства, меѓународни консултанти и останати институции.

Директивите на Европската унија во оваа област, голем број на прописи од соседните и останатите европски земји, од земјите членки кандидати за членство во Европската унија, како и од земјите кои претендираат за членство во Европската унија беа анализирани во фазата на подготовка на овој закон и на соодветен начин беа земени во предвид при изработката на нашиот Предлог на закон.

Со стапување на сила на Законот за бучава во животната средина ќе се обезбеди, уште еднаш сакам да потенцирам, интегриран пристап на управувањето со бучавата во животната средина како адекватна и функционална поставеност на институционалната надлежност, при што органите на државната управа, органите на општините, Градот Скопје и општините во Градот Скопје се должни да ги преземат следните мерки за заштита од бучава.

Тоа се: мориторинг на бучавата;

- повремено ограничување на емисија на бучавата од изворите на бучава;

- акустични мерења за проверка и постојан надзор на состојбите;

- применувања на акустични заштитни мерки врз основа на мерења и анализа на бучавата на местата на емисија, на патиштата на ширење и на местата на емисија на бучава;

- планирано лоцирање на изворите или градби со извори на бучава, како и подрачја и градби со содржини кои треба да бидат заштитени;

- прилагодување на нивото на бучава предизвикано од звона или од други самостојни извори во рамки на утврдените гранични вредности, а во зависност од временскиот период и

Пред се информирање на јавноста за состојбата на бучавата.

Заради поголема транспарентност и достапност на широката јавност која може да се вклучи со свои сугестии и препораки за текстот на Предлогот на законот истиот е достапен на веб

страницата на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Сите сугестии, препораки ќе бидат разгледани и оние кои што нема да бидат во контрадикторност со предлозите од нашиот закон ќе бидат земени во предвид и затоа јавноста ја повикуваме на отвореност во соработката.

Донесувањето на овој закон претставува значаен напредок во усогласување на националното законодавство од областа на животната средина и ние очекуваме по дискусиите што ќе произлезат од Парламентот и оние од комисиите дека навистина во втора фаза ќе донесеме квалитетен закон кој што ќе биде усогласен со директивите, затоа што ќе бидат земени во предвид сите сугестии што се во функција на подобрување на текстот на законот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратникот господин Тале Герамитчиоски. Повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги,

На почетокот да ја искажам нашата поддршка и задоволство за Предлогот за донесување на закон за бучава и животната средина. На самиот почеток недвосмислено да го искажам ставот на СДСМ дека ќе го поддржиме донесувањето на овој закон.

Ова е закон кој што обработува една материја која што не предизвикува некој особен интерес или внимание во јавноста, меѓу луѓето, но оние кои што имале прилика да се занимаваат поблиску со оваа материја како прво знаат дека е мултидисциплинарна, и техничките науки се занимаваат особено со изворите што генерираат бучава во просторот и уште повеќе медицинските науки за кои што сум имал да прочитам од неколку академии на науки фрапантни податоци каква штета по здравјето на луѓето нанесува бучавата и во услови кога не ги надминува пропишаните нивоа.

Имајќи предвид дека станува збор за Предлог, значи прва фаза, имајќи предвид дека ќе има еден временски разумен период за јавна дебата во која што ќе се вклучат некои институции и поединци кои ќе придонесат за подобрување на самиот текст, имајќи предвид дека ќе имаме прилика и подетално да се изјаснуваме и за детали на предлогот на решенијата дозволете само во кратки црти да изразам одредени дилеми во поглед на концептуалноста на законот со една единствена цел да се помогне во изработка на една поквалитетно решение.

Јас и на комисиската расправа имајќи ги предвид искуствата кои што лично ги имам во оваа материја изразив една дилема за која што посакав стручните служби во Министерството за животна средина да проверат дали овој закон треба да биде обогатен и со делот на вибрации. Физичка појава која што е пропратена и со бучавата и која што предизвикува исто така можеби и во поголеми размери штетни последици по здравјето на луѓето. Искажав одреден став дека доколку во европската легислатива е третирана само бучавата, тогаш другата појава мора да изнајде свое место во законот за заштита на животната средина, бидејќи е појава која што заслужува законски третман.

Значи, тоа е првата дилема за која што верувам дека ќе направиме соодветни консултации да видите дали може законот да се прошири за бучава и вибрации. Се разбира дека ќе потегне и други подглавја кои што ќе бидат составен дел на законот, но ако квалитативно го подобрува подрачјето кое што го регулира вреди трудот.

Второто нешто за кое што би сакал да изразам дилема е членот 3 - примена на законот и член 4 - исклучоци. Значи, за самиот закон која материја ја третира.

Таму пишува дека меѓу другото ја третира бучавата во отворен простор предизвикана од инсталации, други индустриски постројки вклучувајќи ги и категориите на стопански дејности. Поставувам прашање зошто не и затворениот простор, што е многу различно во однос на отворениот простор.

Во членот 4 е дефинирано дека работното место и работната средина се изземаат. Мислам дека ви е грешка. Знам дека можеби е регулирано во Законот за заштита при работа, но јас на Комисијата отворив една дебата, генерална забелешка по однос на концепцијата на законот. Сметам дека некои делови и подрачја кои што ги третираат други законски решенија, а се однесуваат на бучавата би требало да најдат соодветно место во овој закон заради комплементарноста на законот и материјата која што сеопфатно ја третира по цена и да се дуплираат некои одредби кои што се третирани во Законот за животна средина, за кој што подоцна ќе цитирам некои одредби, за кои што мислам дека треба да најдат свое место во законот.

Значи, втората дилема што со затворениот простор, тоа е поширока тема, значи не за заштита при работа, туку третирање на затворениот простор и кога не се одвиваат работни активности. Значи, овде го третираат отворениот простор, парафризирам еден пример, надвор од кафичот во околниот простор, но што е со состојбата внатре. Или експозицијата, времето на изложеност на поединецот кога претстојува во таква просторија, која што е тема, тематика, област, подрачје посебно третирано во науката, која што ја третира оваа област. Искажувам само мислење да се провери со европската легислатива дали го третира и ова подрачје.

Понатаму, крупна една дилема, шестото поглавје - управување со бучавата во животната средина, член 17 - акциони планови за бучава во животната средина. Значи, таму имате под шест наведено мерки за спречување и намалување на

бучавата во отворениот простор произлезени од стопанските инсталации и постројки.

Сметам дека треба да направите анализа дали нема потреба од посебно поглавје за ова нешто. Да го третирате во посебно поглавје. Во наредното имате мерки за заштита од бучавата во животната средина, што е различно од мерки за спречување и намалување на бучавата.

Верувам дека во поодделни законски решенија е третирана оваа проблематика индиректно и директно особено во поблиските начини за утврдување на прописите за капитални инвестиции односно градба, но верувам дека заради поквалитативно опфаќање на оваа материја во закон, ако треба и да се дуплира во тој дел, значи предлагам да имате посебно поглавје за тој дел во кој што ќе бидат дефинирани мерки за спречување и намалување на бучавата.

Во наредното поглавје мерки, ќе зборувам прво само за покрупните забелешки, а потоа ќе изнесам и некои дилеми, и претпоследната - вршење на мориторинг, исклучително важно прашање. Член 31 - за вршење на определени стручни работи за мориторинг на бучавата субјектите од став 1 од овој член се овластуваат од страна на министерот кој раководи со органот на државната управа од областа на животната средина при што треба да ги исполнуваат следните услови:

Да бидат акредитирани согласно со законот за акредитација. Јас немав приллика да прочитам кои се одредбите во Законот за акредитација, но би било добро во овој закон да се пресликаат тие одредби. Зошто? Бидејќи институции и поединци кои ќе имаат цел да конкурираат при Министерството за вршење на вакви работи добро би било пред конкурирањето при консултацијата на условите и одредбите кои што ги нуди овој закон да бидат, да видат дали или не ги исполнуваат. Подобро би било отколку да консултираат 3 или 4 закони а се однесува за оваа материја.

Уште повеќе, сега се оградувам, но мислам дека тие одредби кои што во Законот за акредитација, бидејќи е поширока област можат да бидат поопшти. Овде можеби ќе треба да се уфрлат и поспецифични услови, на пример да поседува соодветна опрема за вршењето на мерењето односно мориторингот, која што ќе треба да биде декларирана од познат производител. Неколку се во светот, не можете да импровизирате во тоа подрачје. Се знае кој во светот ја произведува таа опрема. Дали поседува инфраструктура за вршење на таа дејност, бидејќи уверен сум дека при имплементацијата на овој закон ќе бидат поведувани одредени судски спорови од страна на поединци и групи кои што ќе поведуваат судски постапки заради нарушување на мерките и условите кои што ги нуди овој закон. Ќе биде потребна експертиза, ќе биде потребно стручно мислење, наоди од страна на институции и поединци овластени. Ќе треба тие нивни мислења и експертиза да бидат недвосмислено потврдени за самиот суд да не биде доведуван во заблуда од квази елаборирани заклучоци од институции и поединци кои што не ги исполнуваат условите, а по одредени нарачки ги даваат тие експертизи. И порано Министерството за животна средина ги даваше овие сертификати, или изготвуваше регистар на институции кои што ќе ги вршат овие работи.

И уште една сугестија. Вршење на мориторингот, би требало да разграничите дали е периодичен или континуиран. И во другите делови на Законот се провлекува мориторингот, но верувајте постои разлика од периодичен и континуиран и треба да изнајдете механизми во одредени одредби во законот каде што се однесува поблиску на пример за Град Скопје да обезбедите законски предуслов за континуиран мориторинг во централното подрачје на бучавата, слично како што се мориторира времето, метеоролошките услови итн, имајќи предвид за густината на сообраќајот, нерешениот инфраструктурен проблем и сообраќаен проблем на Град Скопје кој што во одредени временски периоди навистина предизвикува еклатантно кршење на сите норми прописи во оваа материја.

Последната крупна забелешка, не велам дека сум во право, но преодни и завршни одредби на овој закон, значи одредени одредби кои што се дефинирани како обврски за локалната самоуправа, за општините, за Град Скопје во поглед на изготвување на плановите, во поглед на изготвување на Катастарот за извори на бучавата сте предвиделе да се донесат во рок од 5 години од стапување во сила на овој закон. Мислам дека треба да го скратите овој рок можеби на три години имајќи предвид дека постојано ќе бидеме под мориторинг на Европската унија не за донесување само на одредени законски решенија, туку и за имплементација на тие законски решенија во пракса. Не е доволно само да ги скенирате состојбите, да ги разграничите, ќе сакаат да видат и конкретни чекори во правец на разрешување на тие проблеми или усогласување со исчекорите и во делот на заштита на животната средина согласно со европските регулативи и стандарди. Така да мислам дека во наредниот член, во прописите сте предвиделе член во рок од 3 години и претпоставувам дека ова е за општините.

Никој не претпоставуваше дека децентрализацијата ќе биде толку сложен процес. Дека општините ќе имаат сериозни задачи во обезбедување на средства за други потреби за кои што општините до тогаш ниту имале поима дека се надлежни. Ова е едно од тие прашања. Ќе треба од своите буџети да обезбедат средства за разрешување на овој проблем, барем поголемите општини, каде што имате декларирани извори на генерирање на бучава. Мислам дека три години е добар период за усогласување.

Сосема кратко, околу индикатори на бучавата во животната средина, поглавје 5, членот 10, таму има внесено една формулација што е усогласена со европската легислатива за единствен начин или пристап на пресметка на интензитетот на целодневната бучава. Сметам дека треба да го проширите ова подрачје, бидејки постојат и дијаграмски прикази за нивоа на бучава и гранични вредности на оштетување на слухот, трајно или периодично, што ќе им помогне на овластените иснтитуции и поединци за унифициран пристап при изготвување на елаборатите, експертизите што ќе ги користат и инспекторите за оценување на состојбите во институциите.

Да искажам, има некои работи што генерално се провлекуваат секаде. Министерот, кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од животната средина, секаде пишува дека е надлежен за методите за оценување и т.н. Недостасува една правна технички номограмска исправка во која што треба да посочите дека соподзаконски акт тоа го вршиме. Да се знае дека ќе донесе правилник, норматив и стандард што ќе биде сито така усогласен со европската легислатива и ќе овозможи во тој дел порецизно однесување.

Само толку, верувам дека ќе размислите за овие рпедлози, со единствена цел да се добие едно поквалитетно законско решение. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Има збор пратеникот Серафимов Влатко, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата на Република Македонија,

Сосема на кратко би се осврнал на Предлогот на законот за донесување на закон за буџава во животната средина, со единствена цел, без многу да го злоупотребувам времето, меѓутоа сакам да нагласам една природна појава што се јавува од аспект на контрола на вршење на изворите на буџава.

Тука е даден поширок спектар на проблеми што се јавуваат од аспект на бучавоста, меѓутоа сметам дека треба да има класификација на бучавоста, на изворите на бучавоста што доаѓаат, да има разграничување на бучавоста што е нарушување на јавниот ред и мир и бучавост штетна во животната средина.

Се андевам дека во наредните фази дел од овие забелешки што беа изнесени и од страна на претходниот дискутант и оваа класификација на бучавоста ќе најдат место во втората фаза или крајното донесување на законот, се со единствена цел да се растоварат работите на Државниот инспекторат за животна средина и надлежностите што ќе бидат за бучава, нарушување на јавниот ред и мир, да одат кај соодветни органи.

Инаку, за мене, законот за бучава е добро што имаме иницијатива за донесување, бидејки е редно и ние да имаме свој закон за бучава што ќе придонесе за подобро решавање на пробелмите од аспект на бучава во животната средина. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам на господинот Серафимов.

Има збор пратеникот Стојан Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Господине потпретседателе, претставници на Владата, почитувани пратеници,

Сакам да кажам дека е многу добра оваа иницијатива со посебен закон да се уреди оваа материја и е добар овој предложен текст на законот со Предлог за донесување. Добри се и сите ги поддржуваме сугестиите што беа дадени во една многу квалификувана и конструктивна атмосфера. Така што мислам дека пред нас имаме еден проект што сега треба да го подржиме, што ќе даде добри резултати.

Само се прашувам дали е погоден насловот? “Закон за бучава”. Дали не може да се најде некој поповолен наслов како - за управување со бучавата, за регулирање на бучавата, за заштита од бучавата, за борба против бучавата. Ова ми личи како место Закон за борба против корупцијата, да донесеме закон за корупција. Можеби не сум во право, но звучи чудно. Да најдеме подобар наслов на законот. Со тоа поточно ќе се одразат сите внатрешни содржини. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Андов.

За збор се јави заменик минситерот за животна средина, повелете.

**Соња Лепиткова:** Ако нема друг за дискусија, јас би сакала да го искажам задоволслтвото од конструктивниотпристап на дискутирање по овој Предлог на закон.

Да напомнам дека веднаш по расправата на Комисијата за транспорт и екологија, Министерството за животна средина ја презеде обврската повторно да ги провери сите директиви, да видиме што може да направиме за одредени одредби што се искажани овде, да бидат вклучени во законот и да укажеме дека сепак во нашите закони, како е поделена оваа интердисциплинарна сфера, многу сегменти од европските директиви се во функција на некои други минситерства.

Но, ние, максимално ќе пристапиме кон сериозно разгледување на сите искажани дискусии од страна на пратениците, од јавната расправа, од забелешките и што ќе дојдат до Министерството и до нашата веб страница, сметаме дека во втора фаза ќе имаме поподобрен текст на законот. Многу други одредби со правилниците, како такви, ќе ги решиме. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Лепиткова.

Бидејки нема повеќе приајвени за збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

1.Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за бучава во животната средина.

2.Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за бучава во животната средина при што ќе ги има предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работнит етела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3.Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за животна средина и просторно планирање.

Пред да го ставам предложениот заклучок на гласање, ги повикувам пратениците да влезат во салата да пристапиме кон гласање на предложениот заклучок.

Молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници.

(Службите утврдуваат точен број на присутни пратеници).

Бидејќи во салата се присутни 63 пратеници, предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, сите пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 9 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Државната статистика, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се пријави претставникот на Министерството за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Дејноста на Државната статистика е уредена со Законот за државна статистика од 1997 година. Самата имплементација на Законот за државна статистика во изминатиот период ја потенцира потребата од изменување и дополнување на Законот за државна статистика што произлегува од определени слабости на постојниот Закон, како и од неопходноста од хармонизирање на одредени одредби од Законот со регулативите на Европската унија, како и од фундаменталните принципи на Обединетите нации од областа на статистиката.

Покрај ваквите усогласувања, со овие измени и дополнувања на Законот за државна статистика извршени се неколку усогласувања со Законот за заштита на лични податоци и прекуграничниот пренос на истите, како и со Законот за прекршоци во однос на прекршочните одредби. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам, господине Трпески.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државната статистика.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 64 пратеници, за гласале 63 пратеници, воздржани нема, против 1 пратеник.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 63 пратеници, за гласале 62 пратеници, воздржани нема, против гласал 1 пратеник.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комсија поднесе амандман на член 8, став 1, алинеја 1 и за менување на алинеја 4 со кој се согласил претставникот на Владат аи тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Цветанка Иванова, Оливер Спасовски и Борис Кондарко поднесоа амандмани на член 6 став 3 алинеја 2 и на член 8 став 1 алинеја 4, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 6, став 3 алинеја 2 поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Оливер Спасовски и Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Министерството за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата гоприфати амандманот и тој станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 8, став 1 алинеја 4 поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Оливер Спасовски и Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Министерството за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата гоприфати амандманот и тој станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот на законот гласале 61 пратеник, сите 61 гласале за, нема воздржани,нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за државна статистика.

Бидејѓи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам 30-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Давам пет минути пауза, кога ќе продолжиме со 26-та седница.

(Реакции во салата).

Бидејки поголем дел од пратениците предлагаат да продолжиме со работа без пауза, можам да констатирам дека ја завршуваме работата по 30-та седница, а веднаш продолжуваме со работа по 26-та седница.

(30-та седница на Собранието на Република Македонија заврши со работа во 13,32 часот)